Конкурс Етичка дилема во бизнис

Упатства за пишување есеј и критериуми за оценување

Критериумите според кои се оценува есејот се: **разбирање на темата** (етички прашања презентирани во текстот), **релевантноста на есејот во однос на темата**, **убедливост на аргументите**, **конзистентност** и **оригиналност**.

1. **Индикатори за разбирање на темата се:**
   - Ученикот покажува разбирање за етички прашања.
   - Ученикот покажува разбирање за природата на етичката аргументација.
   - Етичките принципи се толкуваат на адекватен начин.

2. **Индикатори за релевантноста на есејот во однос на темата се:**
   - Ученикот го разбра специфичното барање на темата.
   - Ученикот ја презентира содржината важна за обработка на проблемот.

3. **Индикатори за убедливоста на аргументите се:**
   - Аргументите во есејот се издржливи и не се побиваат лесно.
   - Ученикот забележал можни контра аргументи и одговорил на нив.
   - Ученикот не презентирал неаргументирани ставови или несоодветни примери.
   - Нема логички грешки во есејот.

4. **Индикатори за конзистентност се:**
   - Ставовите и аргументите не се меѓусебно контрадикторни.
   - Ниту ставовите ниту аргументите немаат внатрешни противречности.
   - Презентацијата на аргументите е конзистентна и систематска.

5. **Индикатори за оригиналност се:**
   - Ученикот покажува релевантен личен став кон темата.
   - Ученикот пристапува на темата на креативен начин.

Упатство за пишување на есеј

Вашата задача е почнувајќи од случајот опишан во текстот, да обработите еден етички проблем на значаен, аргументиран и конзистентен начин. Бидејќи проблемот треба сами да го реконструирате врз основа на краткиот текст, задачата е прилично креативна од почеток до крај. Затоа задачата треба да се изработи чекор по чекор.

1. Позициите презентирани во текстот треба да се гледаат како одговори или решенија за проблем што, покрај деловната и правната страна, има нагласен етички аспект т.е. доведува до решение на етичката дилема. Значи, првата задача е да се реконструира етичкиот момент во проблемот и решенијата кои се дадени во текстот (критериум бр. 2).

2. Исто така, во текстот се дадени **некои клучни етички концепти и принципи** (на пр. благосостојба, правда, солидарност, еднаквост, итн.) и есејот треба да се однесува на нив со цел да се добие сеопфатно разбирање и квалитетна анализа на проблемот (критериум бр. 1).

3. Штом го препознаете и јасно го формулирате проблемот и кои клучни концепти се вклучени во него, можете да започнете со **сопствена анализа** на дадениот проблем, настојувајќи да дадете **свој одговор/став** кој ќе биде јасно изразен (според критериумите).

4. Овој одговор/став треба постепено да се развива во форма на **аргументирано прифаќање или побивање** на понуденото во текстот, како решение за етичкиот проблем. Квалитетот на есејот се мери преку бројот на поставени прашања и одговори, наведување соодветни **примери**, давање убедливи и логички валидни **аргументи** за ставовите што се бранат, анализа на можни контра аргументи и слично. Ова значи:

- На лицето што го чита вашиот текст, секогаш треба да му биде јасно дали презентирате аргументи „за“ или „против“.

- Наведете ги причините зошто се согласувате или не со некој став. Причините што ги наведувате може да бидат различни, од логички (на пр. дали е во спротивност со етичкиот принцип што наводно го претставува или има скриен судир на принципи...), до емпириски (на пр. дали е во согласност или спротивност со веќе прифатена работна политика, традиција...), до етичка (на пр. зошто е важно да се поддржи или отфрли деловната политика, традиција...). Исто така, може да се повикате и на преседани, примери на решенија за слични дилеми. Вашите лични ставови, мислења или верувања („Не ми се допаѓа“ итн.), кои не се поткрепени со аргументи, не се валидни.

- Го имате предвид редоследот на причините: што од каде потекнува, што е поважно и што е помалку важно.

- Доследни сте на аргументот, не се побивате себе си.

- Предвидете можни забелешки на вашите аргументи и обидете да го одбраните својот став.

5. За крај, кога го пишувате есејот, треба да обрнете внимание на следново:

- Есејот треба да биде добро структуиран: во воведот прецизно да биде утврден проблемот и позицијата од која пристапувате (нагласете), а дури потоа да пристапите кон анализата на етичките позиции во дилемата и аргументирана разработка на вашата визија за решението. Пред да започнете со пишување, препорачуваме да ја организирате својата работа во тези. Потрудете се да не скокате од теза на теза, туку да ја заокружите секоја теза, пред да преминете на следната, со цел да му овозможите на читателот постојан проток на мислата. Како заклучок, сумирајте ги аргументите што ги изнесовте за поддршка на вашето решение.

- Обрнете внимание на јазикот и правописот. Не користете жаргон или зборови чие значење не ви е јасно, без разлика колку убаво ви звучат.